ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ГРАДСКИ ГРОБИШТА
Бр. 03-1360/2
29.12.2023 год.
Охрид

Врз основа на член 30 став 1 алинеја 2 став 3 и став 5, член 48 и член 49 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18) и Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас („Службен весник на Република Македонија" бр. 11/2015 и 35/2018) ЈП Градски Гробишта Охрид објавува

# ИНТЕРЕН ОГЛАС БРОЈ У01/2023

# ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА АДМИНИСТРАТИВЕН СЛУЖБЕНИК

Се распишува интерен оглас за унапредување на административни службеници за следното работно место:

Раководител на Сектор за финансиско работење КДР 0102 Б02 ;

- Број на извршители - 1 ( еден) извршител;

**-Општи услови:**

Општи услови утврдени со Законот за административните службеници за адмнистративните службеници се:

- да е државјанин на Република Северна Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

- да е оценет со оцена „А" или „Б" при последното оценување,

- да е на работно место на непосредно пониско ниво или да е на работно место во рамки на истата категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас,

- да поминал најмалку две години на тековното работно место и

- да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас.

**-Посебни услови:**

Посебни услови утврдени со Законот за административните службеници, за раководен административнен службеник од категоријата Б2 се:

- ниво на квалификации VI A според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен, Општествени науки/ економија и бизнис или други општествени науки/организациони науки и управување (менаџмент)
- најмалку пет години работно искуство во струката од кои најмалку две години на раководно работно место во јавен сектор, односно најмалку осум години работно искуство во струката од кои најмалку три години на раководно работно место во приватен сектор

- **Општи работни компетенции:**

- решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг
- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
  стратешка свест;
- ориентираност кон странките/засегнати страни;
- раководење; и
- финансиско управување.

- **Посебни работни компетенции:**

- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење,
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски)

- Работни часови неделно 40

- Работа во смени : не ;

Дневното и неделното работно време е од 7:00 часот до 15:00 часот, од понеделник до петок;

Паричен нето износ на плата: 34.263,00 денари.

Заинтересираните кандидати треба да ги достават следните документи за исполнување на потребните услови за работното место во оригинал или копија заверена на нотар:

- Уверение за државјанство
- Извод од матична книга на родени
- Доказ дека со правосилна пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција, забрана за вршење на професија, дејност или должност
- Доказ за завршено соодветно образование
- Потврда за работно искуство;
- Лекарско уверение дека поседува општа здравствена способност за работното место ,

Огласот трае 10 ( десет ) дена, сметано од денот на објавувањето на огласот на web страницата на Агенцијата за администрација и web страницата на ЈП Градски Гробишта Охрид.

Пополнетата пријава, како и доказите за податоците содржани во пријавата потребно е во хартиена форма преку архивата на ЈП Градски Гробишта Охрид, да ги достави до Секторот за човечки ресурси.

Во пријавата кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни, а доставените докази верни на оригиналот.

Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата или за кој се утврди дека внел лажни податоци ќе биде дисквалификуван од натамошната постапка по овој оглас.

ЈП Градски Гробишта Охрид
Вд Директор
Тренески Драган

До:
Одделение за управување со човечки ресурси

## ПРИЈАВА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ
ПО ИНТЕРЕН ОГЛАС бр. У01/2023 ВО ЈП ГРАДСКИ ГРОБИШТА ОХРИД

1. Име и презиме:
_______________________________________________________________________________________

2. Ниво и назив на работното место за кое аплицира:
_______________________________________________________________________________________
_______________________________________________________________________________________

3. Тековно работно место и ниво:
_______________________________________________________________________________________
_______________________________________________________________________________________

4. Податоци за стекнато образование:

Степен на образование или стекнати кредити според ЕКТС:_______________________________________________________________

Вид на образование:_______________________________________________

Датум и број на диплома:__________________________________________

5. Податоци за оценување:
_______________________________________________________________________________________
_______________________________________________________________________________________

6. Работно искуство:
_______________________________________________________________________________________
_______________________________________________________________________________________

7. Податоци за изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на огласот:

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

8. Податоци за нивото и звањето на административниот службеник во последните две години, пред објавувањето на интерниот оглас:

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

ПРИЛОЗИ:______________________________________________________________

______________________________________________________________________

__

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

Под морална, материјална и кривична одговорност изјавувам/потврдувам дека податоците наведени во пријавата за унапредување се веродостојни и точни, а доставените докази се верни на оригиналот.

Свесен сум дека кандидатот кој ќе внесе лажни податоци во пријавата се дисквалификува од понатамошната постапка.

Датум __.__.______ година

______________________________

Охрид

Подносител на пријавата